## Изборно собрание на СХТМ

Во 18 мај 2016 година се одржа изборно собрание на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија со следниот дневен ред:

1. Извештај за работата и финансиски извештај на СХТМ за претходниот период.
2. Избор на претседател на СХТМ.
3. Избор на членови на Извршниот одбор на СХТМ.
4. Избор на членови на Надзорната комисија.

Собранието го водеше академик Бојан Шоптрајанов. На собранието присуствуваа вкупно 28 члена од 43 кои имаа платена членарина за 2016 година.

Во однос на првата точка Претседателот на СХТМ проф. д-р Светомир Хаџи Јорданов даде преглед на активностите и финансиското работење на Сојузот во изминатиот период.

Во однос на втората точка за кандидат за претседател беше предложен проф. д-р Зоран Здравковски кој предложи куса програма за работа на СХТМ во наредниот период. Потоа беше спроведено тајно гласање, при што едногласно беше избран за претседател на Сојузот.

За Извршниот одбор беа предложени и избрани следните кандидати со посебни задачи за кои ќе бидат задолжени во наредниот мандатен период:

1. проф. д-р Јадранка Блажевска Гилев – секретар,
2. акад. Глигор Јовановски – Секција за терминологија и номенклатура,
3. проф. д-р Марина Стефова – Секција за образование,
4. проф. д-р Александра Бужаровска – Соработка со индустрија,
5. проф. д-р Јане Богданов – Меѓународна соработка,
6. доц. д-р Јасмина Петреска Станоева – Информатичка поддршка,
7. Елисавета Николовска – Клуб на студенти.

За Надзорниот одбор беа предложени и избрани следните кандидати:

1. проф. д-р Гордана Богоева Гацева,
2. проф. д-р Трајче Стафилов,
3. проф. д-р Киро Стојаноски.